OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

**Коментар**
за остварените финансиски резултати на Охридска банка АД Скопје во периодот
јануари – март 2019 година

**<u>Кумулативниот реализиран финансиски резултат</u>** за периодот од 1.1 до 31.3.2019 г. изнесува 150,7 милиони денари на кој влијание имааа порастот на нето приходите од провизии и нето приходите од курсни разлики, зголемувањето на другите приходи, но и повисокиот раст на исправката на вредноста на финансиските средства, поради што остварениот резултат бележи намалување за 48,9 милиони денари или 24,5 % во споредба со истиот период минатата година.

Приходите од камати во првиот квартал од 2019 година изнесуваат 384,2 милиони денари и споредено со истиот период минатата година Банката оствари пораст од 9,8 милиони денари како резултат на порастот на клиентските пласмани, додека каматните расходи во истиот период поради пазарните услови и поголемиот обем на депозити од финансиските институции бележат подинамичен раст од 14,3 милиони денари и изнесуваат 99,2 денари, што влијаеше на остварување на пониско ниво нето приходи од камати од 4,5 милони денари или за 1,6 %

Во анализираниот период, нето приходите од провизии и надоместоци изнесуваат 81,6 милиони денари и бележат зголемување за 11,3 милиони денари, при што приходите од провизии се повисоки за 14,8 милиони денари со позитивен придонес на провизиите од платните системи, провизиите од услуги кај кредитните производи, додека трошоците за провизии и надоместоци бележат раст за 3,5 милиони денари, што соодветно имаше влијание на вкупниот нето износ споредено со минатата година.

Нето приходите од курсни разлики изнесуваат 39,9 милиони денари и се зголемени за 11,3 милиони денари, или за 39,6 % во споредба со истиот период минатата година.

Другите приходи изнесуваат 52,6 милиони денари во што се вклучени остварените приходи од отстапување на претходно отпишани побарувања.

Исправката на вредноста на финансиските средства на нето основа на крајот од првиот квартал на 2019 година изнесува 114,9 милиони денари и споредено со истиот период 2018 година бележи зголемување од 75,8 милиони денари.

Вкупните оперативни трошоци во периодот јануари – март изнесуваат 193,4 милиони денари и споредено со истиот период претходната година, се зголемени за 11,5 милиони денари, при што повисоки оперативни трожоци се забележани кај трошоците за вработени за 15,8 % , трошоците за амортизација се пониски за 4,8 %, додека останатите расходи од дејноста се на исто ниво како и минатата година.